Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 285/0306
27.06.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24 јуни 2019 година, врз основа на примена жалба од Министерство за здравство на Република Северна Македонија, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

Интернет - порталот „Нова ТВ", со текстот насловен „ОЈО го затвори случајот за јавните набавки во Министерството за здравство" не ги прекршил професионалните и етичките стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 14 мај 2019 година, Министерството за здравство на Република Северна Македонија, поднесе жалба за девет текстови, објавени во периодот од 20 јули 2018 година до 10 мај 2019 година, на Интернет - порталот „Нова ТВ“ (www.novatv.mk).

Од Министерство за здравство наведуваат дека во изминатите неколку месеци медиумот објавил низа текстови поврзани со јавните набавки на лекови од веледрогерија за потребите на јавните здравствени установи, набавка за биореагенси и тестови на крв, изградба на бункер за акцелератор во Киничката болница во Штип и за наводен судир на интереси при јавна набавка на лекови во ЈЗУ Клиника за хематологија. Повикувајќи се на предистражната постапка на Јавното обвинителство, кое не утврдило неправилности при предметните јавни набавки, подносителот на жалбата смета дека медиумот објавил неточни информации и затоа одговорност на новинарот е да се извини за нанесените клевети.

Од Министерството за здравство посочуваат дека авторот во текстовите ги изразувал личните ставови. Потенцираат дека стапиле во контакт со „Нова ТВ“ со барање за објаснување и извинување за написите, но оти Интернет - порталот продолжил со објави на шпекулации и невистини.

*„Како резултат на овие објави во медиумите и Јавното обвинителство покрена постапка по допрен глас. Минатата недела се огласи и ОЈО, објавувајќи дека нема место за јавно обвинителска интервенција во предметот за јавните набавки во Министерството за здравство. И покрај тоа, медиумот, а ниту новинарката Менче Точи не се извини за нанесената клевета и пласирање на неточни информации, ниту до Министерството, ниту до министерот*“, велат од Министерството за здравство во поднесената жалба.

Од Министерството во прилог на жалбата поднесоа и белешки (принт скринови) од објавите на новинарката Точи на „Фејсбук“, со кои, како што потенцираат, ги обвинувала министерот и Министерството за здравство.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет - порталот „Нова ТВ“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 24 јуни 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најпрво, заклучија дека се работи за жалба поднесена од Министерството за здравство за девет текстови на Интернет – порталот "Нова ТВ", но утврдија дека се надлежни да постапуваат за еден од нив.

Комисијата констатираше дека жалбата која се однесува на останатите осум текстови е задоцнета и ги има надминато предвидените рокови, согласно процедурата за работа на Комисијата. Имено, според членот 5 од Правилникот за работа на Комисијата, жалба може да се поднесе во рок од 30 дена откако е објавен новинарскиот текст/прилог. Во конкретниов случај, осумте оспорени текстови на „Нова ТВ" се објавени поодамна, односно во периодот од 20 јули до 17 август 2018 година.

Оттука, Комисијата ја зеде предвид само жалбата која се однесува на текстот кој е во рамките на предидените рокови, насловен **„ОЈО го затвори случајот за јавните набавки во Министерството за здравство"**, објавен на 10 мај 2019 година.

Членовите на Комисијата утврдија дека текстот не отстапува од етичките и професионални стандарди, зашто станува збор за дословно пренесена информација од официјално соопштение на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција во однос на наводни неправилности при спроведување на постапките за јавни набавки во Министерството за здравство.

Во однос на жалбените наводи на подносителот на претставката околу критичките ставови на новинарката Менче Точи за работата на Министерството и министерот Венко Филипче, изразени на „Фејсбук", Комисијата информира дека социјалните мрежи не се во доменот на нејзините надлежности. Во согласност со членот 3 од Правилникот за работа, Комисијата за жалби ги разгледува сите пристигнати жалби поврзани со кршење на професионалните и етичките стандарди во пишаните (печат и новински агенции), електронските (ТВ и радио) и во интернет медиумите во државата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Интернет - порталот „Нова ТВ“ (www.novatv.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595